# ПИЛОТ ПРОЕКТ ВО ЗАТВОР БИТОЛА

Управата за извршување на санкциите во рамки на ИПА 2009 Проектот „Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица" на 17 февруари 2015 година започна со спроведување на Пилот Проектот во Затвор Битола за примена на Општата когнитивна програма за третман на осудени лица.



Општата когнитивна програма ќе се спроведува во времетраење од 8 недели, додека сесиите ги водат два фацилитатори на кои во работата ќе им биде извршен мониторинг и супервизија од страна на консултанти ангажирани од Советот на Европа.

Пилот Проектот за примена на Општата когнитивна програма во Затвор Битола е технички поддржан од Програмската канцеларија на Советот на Европа од Скопје и ќе трае до 10 април 2015 година.

Овие активности се дел од ИПА Проектот 2009 насловен како "Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица".